**МАЈХОШЕВ Дарко**
**НАКОВСКА Марија**
**МАЈХОШЕВ Андон**

**УДК: 364.32:340.13(497.7)**

# ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ СО АКЦЕНТ НА ПРАВОТО НА ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Системот на социјално осигурување традиционално е исклучива надлежност на државата. Државата е таа која ја одредува природата и содржината на националниот систем на социјално осигурување: мноштво бенефиции, стапка на плаќање, начинот на финасирање на бенефициите и условите (критериумите) за добивање на истите.

Правото на здравствена заштита и здравствено осигурување се фундаментални социјални права на човекот. Овие права се гарантирани со најважните правни акти на МОТ, ООН, Советот на Европа и ЕУ. Наведените права на национално ниво се имплеметирани во Уставот на РМ, Законот за здравствено осигурување и голем број на поздаконски акти. Со Законот за здравствено осигурување на РМ здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно. Задолжително здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон и го спроведува Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.

Доброволно здравствено осигурување се установува за обезбедување на здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување и истото можат да го спроведуваат друштва за осигурување основани според прописите за осигурување.

Во рамките на задолжителното здравствено осигурување се обезбедува правото на парични надоместоци на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и право на надоместок на патни трошоци.

Парични надоместоци претставуваат парите што едно трговско друштво (претпријатие) или владина агенција ги обезбедува на вработените за посебна намена, како што се транспорт, здравствените трошоци или надоместок на вработените кој е дистрибуиран преку редовни плати

**Клучни зборови**: *здравствено осигурување, здравствена заштита, осигуреници*

**MAJHOSEV Darko**
**NAKOVSKA Marija**
**MAJHOSEV Andon**

# RIGHT TO HEALTH INSURANCE WITH AN EMPHASIS ON THE RIGHT TO CASH BENEFITS OF THE INSURED PERSONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract:** The social security system is the exclusive jurisdiction of the state. The state determines the nature and content of the national social security system: many benefits, the amount of payment, the way of financing the benefits and the conditions for obtaining them.The right to health care and health insurance are fundamental social human rights. These rights are guaranteed by the most important legal acts of the ILO, the UN, the Council of Europe and the EU. These rights are implemented at the national level in the Constitution of the Republic of Macedonia, the Law on Health Insurance and many other legal acts. The Law on Health Insurance of the Republic of Macedonia guarantees health insurance as compulsory and voluntary. Compulsory health insurance is guaranteed for all citizens of the Republic of Macedonia providing health services and cash benefits based on the principles of comprehensiveness, solidarity, equity and effective use of the funds under the conditions determined by this Law and is implemented by the Health Insurance Fund of the Republic of Macedonia.Voluntary health insurance guarantees the provision of health services that are not covered by compulsory health insurance and can be provided by insurance companies established under insurance regulations.
Within the mandatory health insurance, the right to monetary compensation is provided during the temporary incapacity for work due to sickness and injury and during absence from work due to pregnancy, birth and maternity and the right to compensation for travel expenses.Cash benefits represent the money a company or government agency provides to employees for special purposes, such as transport, healthcare costs or employee compensation distributed through regular payroll.

**Key words**: *health care, health insurance, insured people*

## 1. Меѓународни правни инструменти за правото на здравствена заштита и здравствено осигурување

### 1.1 Акти на МОТ

Постојат неколку правни инструменти на МОТ со кој се гарантира на здравственото осигурување. Еден од најважните правни инструменти со кој се гарантира правото на здравствено (социјално) осигурување е Конвенцијата бр. 3 за заштита на мајчинството, Конвенцијата бр. 17 за надомест на работниците (повреда при работа), Конвенцијата бр. 18 за надомест на работниците (за болување на работното место), Конвенција бр. 24 за осигурување во случај на болест на вработените во индустријата и трговијата, Конвенцијата бр. 25 за осигурување во случај на болест на вработените во земјоделствот, Конвенцијата бр. 102 за минимално социјално осигурување, Конвенцијата бр. 103 (ревидирана) за заштита на мајчинството Конвенцијата 121 за надомест во случај на несреќа на работа и професионални заболувања др. Сите наведени конвенции ги обврзува државите членки на МОТ да преземат соодветни мерки и активности за нивна имплементација во националната трудова легислатива и нивна ефективна примена во практиката. Сите горенаведени акти на МОТ, инсистираат државите членки на МОТ да ги имплементираат во своето национално закондоваство.

Република Македонија како држава членка на МОТ сите горенаведени конвенции ги има ратификувано и истите се дел од националното социјално законодавство.

### 1.2 Акти на ООН

Едни од најзначајни меѓународни правни инструменти на ООН со кои се гарантира правото на граѓаните на здравствена заштита и здравствено осигурување се Универзалната декларација за правата на човекот и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права.

Во Универзалната декларација за правата на човекот (1948) стои дека "*Секој има право на социјално осигурување....*"[1], како тоа дека "*Мајките и децата имаат право на посебна нега и помош*".[2]

Во Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (1966) државите договорнички го признаваат правото на социјално обезбедување на секого, вклучувајќи го овде и социјаното осигурување.[3] Исто така, државите договорнички на Пактот преземаат обврска за *"заштита и помош на семејството, како основна клетка на општеството"*,[4] а "*посебна заштита треба да се даде на мајката во текот на разумен период пред и по породувањето, а во текот на овој период вработените мајки треба да користат платено отсуство или отсуство пропратено со соодветна помош од социјално осигурување".*[5]

### 1.3 Акти во Европа

Во Европа највожен правен инструмент е *Европската социјална повелба (ревидирана)* на Советот на Европа од 1996 со која се гарантираат повеќе социјални права: право на вработените жени на заштита на мајчинството (чл. 9), правото на заштита на здравјето (чл. 11), правото на социјално осигурување (чл. 12), правото на социјална помош и медицинска помош (чл. 13).

Во *Европска повелба за правата на пациентите* стои дека „Секој поединец има право на доволен надомест во разумен временски период, во случај на претрпена физичка или морална и психолошка штета или во случај на страдање предизвикано од лекување или од услуга во здравствениот систем.

Здравствената заштита мора да гарантира надомест, без оглед на тежината на настанатата штета или нејзината причина (од предолго чекање до медицинска грешка), дури и кога крајната одговорност не може да биде утврдена со точност“.[6]

### 1.4 Национално законодавство

*Уставот на РМ*, како највисок општ правен акт во државата во Преамбулата како една од целите на општеството е да се обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот живот.[7] Со чл. 1 од Уставот, Република Македонија е дефинирана како суверена, самостојна, демократска и ***социјална држава.*** Атрибутот социјална држава подразбира дека државата е должна да создаде правни претпоставки за обезбедување на социјалните права на граѓаните, во кои спаѓа и правото на здравствена заштита и здравствено осигурување.

Во Делот II со наслов "Основни слободи и права на човекот" во Поглавјето 2 со наслов *"Економски, социјални и културни права", во чл. 32 е регулирано дека "Секој има право на работа, слободен избор на вработување........."*, што е важен законски услов за остварување на правото на здравствена заштита и здравствено осигурување. Во чл. 34 од Уставот стои дека *"Граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и колективен договор"*, и дека *"Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно начелото на социјална праведност"* (чл. 35). Исто така, со Уставот на *"Секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита"* и дека *"граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото и здравјето на другите"* (чл. 39), а во чл. 42 е утврдено дека *"Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица*".

Во *Законот за здравствена заштита* на РМ е внесено правото на корисникот на здравствената заштита „...да бара надомест на штета поради сторени грешки или

[1] Чл. 22 од Универзалната декларација за правата на човекот (ООН);
[2] Чл. 25 од Универзалната декларација за правата на човекот (ООН);
[3] Чл. 9 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права
[4] Чл. 10 став 1 алинеја (парграф) 1;
[5] Чл. 10 став 1 алинеја (парграф) 2;
[6] Европска повелба за правата на пациентите, Брисел на 15 ноември, 2002
[7] Устав на Република Македонија, Точка 1 на Амандманот IV со која се заменува Преамбулата од Уставот на РМ;

последици настанат по несоодветно лекување, во согласност со прописите за облигациони односи“.[8]

Во *Законот за здравствено осигрување* е уредено дека здравственото осигурување во РМ се установува како задолжително и доброволно,[9] при што задолжителното здравствено осигурување се установува за сите граѓани на РМ заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон.[10] Задолжителното здравствено осигурување го спроведува Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Исто така, работникот има право на надоместок на платата за целото време на отсуство во случаите и во траење определени со закон, како и во случаите кога не работи од причини на страната на работодавачот.

Во *Законот за работни односи*, работодавачот е должен да му исплати надоместок на платата во случаите на отсутност од работа поради користење на годишниот одмор, платениот вонреден одмор, дообразување, со закон определени празниции од работа слободните денови и во случаите кога работникот не работи од причини на страна на работодавачот.[11]

## 2. Право на парични надоместоци

Во рамките на задолжителното здравствено осигурување, осигуреното лице има право на парични надоместоци и тоа: 1) право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда, како и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, под услов ако се работи за осигурено лице кое има засновано постојан работен однос - лице во работен однос (чл. 12 став 1).

Правото на надоместок на плата на товар на Фондот се остварува врз основа на поднесено барање за привремена спреченост за работа поради болест и повреда односно барање за привремена спреченост за работа поради бременост и раѓање.

### 2.1 Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда

Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда можат да остварат осигуреници, во случај на:

1. болест и повреда надвор од работа;
2. повреда на работа и професионална болест;
3. лекување и медицинско испитување;
4. негување на болно дете до тригодишна возраст;
5. негување на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена;
6. неопходно придржување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење;

[8] Чл. 55 од Закон за здравствена заштита (Службен весник на РМ бр. 43/2012);
[9] Чл. 2 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр. 19/11 и сите понатамошни новели;
[10] Ибид, чл. 2.
[11] Закон за работни односи, Пречистен текст, Службен весник на РМ бр. 34/14

7. неопходно придржување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена;

8. доброволно давање на крв, ткиво или орган;

9. изолираност заради спречување на зараза

### 2.1.1 Документи кои треба осигурениците да ги поднесат за да го остварат правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда

Потребни документи кои треба осигурените лица да ги достават за да остварат право на надоместок на плата во случај на привремена спреченост од работа поради болест или повреда се следниве:

Кон барањето (Образец бр. 2 надоместок на плата - болест/повреда/нега) за надоместок на плата поради болест и повреда, се поднесуваат следните документи:

- копија од М1/М2 - пријава и договор за работа во копија, ако од пријавата М1/М2 не може да се утврди видот на работниот однос (работен однос на неодредено или одредено време а за управител решение од Централен регистар);
- извештај за привремена спреченост за работа - ИСР од избран лекар;
- наод, оценка и мислење од лекарската комисија;
- отпусно писмо за болничко лекување;
- потврда за висината на исплатената нето плата на осигуреникот- образец НП -1;
- Платни списоци (исплатни листи) на увид, со копија од декларацијата од УЈП и извод за исплатена плата;
- Изјава заверена на нотар за жиро сметките на правното лице и копија од изводи на жиро сметки (за правно лице со еден вработен)

Меѓутоа со последните измени во поглед на потребната документација Фондот изврши административна гилотиња и потребните документи ги сведе на минимум.

За да може да го остварат правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда осигурениците треба да поднесат барање на пропишан образец во Подрачната служба на Фондот каде што ги остваруваат правата од задолжителното здравствено осигурување. Во поглед на потребната документација Фондот изврши административна гилотиња и потребните документи ги сведе на минимум, така што кон барањето ( образец Н1) подребно е да се достави: извештај за привремена спреченост за работа – образец ИСР од избран лекар, наод, оценка и мислење од лекарската комисија, изјава заверена на нотар за трансакциските сметки на правното лице и копија од изводи за промет и состојба на трансакциските сметки (само за правно лице со еден вработен) и доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

### 2.2 Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство

Член 14:

Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство можат да остварат осигурениците од член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон и по таа

основа биле здравствено осигурени непрекинато најмалку шест месеци пред започнувањето на отсуството[12].

Надоместокот од став 1 на овој член се исплатува за деновите за кои се остварува плата и во траење утврдено со прописите за работните односи.

Средствата за остварување на правото од ставот 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку надлежен орган.

За време на бременост, раѓање и родителство работничката има право наплатено отсуство од работа во траење од девет месеца непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) една година. Врз основа на наод од надлежниот здравствен орган, може да го започне породилното отсуство 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓање. Доколку се породи порано отсуството започнува да тече од денот на раѓањето на детето.

Доколку работничката посвоила дете има право на отсуство до наполнување на деветмесечна возраст на детето, а доколку посвоила повеќе деца една година. Исто така доколку посвоила дете има право на платено отсуство за времетраењето на периодот на адаптацијата на детето, согласно со прописите за семејството.

### 2.2.1 Документи кои треба осигурениците да поднесат за да го остварат правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство (породилно отсуство)

За да осигурениците остварат правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство потребно е да поднесат Барање на пропишан образец (Н2) во Подрачната служба на Фондот каде што ги остваруваат правата од задолжителното здравствено осигурување. Кон барањето потребни е да приложат: извештај за привремена спреченост за работа – образец ИСР од избран лекар, извод од книгата на родените за дете (копие кој може и Фондот да го обезбеди по службена должност), решение за адаптација – посвојување од Центарот за социјални работи за посвоено дете (Фондот може да го обезбеди по службена должност), изјава заверена на нотар за трансакциските сметки на правното лице и копија од изводи за промет и состојба на трансакциските сметки (само за правно лице со еден вработен) и доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

Напомена: Осигурениците барањата за надомест на плата можат да ги поднесат лично односно истите не мора да ги поднесуваат преку нивните работодавци.

Подрачната служба на Фондот како првостепен орган ќе ја започне постапката за донесување на решение со утврдување на фактичката состојба врз основа на барањето и доказите кои се приложени кон барањето.

Подраните служби на Фондот се должни да донесат решение во рок од 45 дена од денот на предавањето на уредно и комплетирано барање од страна на осигуреникот.

Против решението на првостепениот орган осигуреникот има право да поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Министерот за здравство кој решава во втор степен.

Против конечното решение на Министерот за здравство осигуреникот може да водите управен спор пред Управен суд на Република Македонија.

---

[12]Закон за здравствено осигурување, Службен весник бр. 25/2000,34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007,82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 26/2012),16/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 112/2014 и 113/2014 година

### 2.2.2 Враќање на работничката на работа која користи породилно отсуство пред истекот на отсуството

Доколку работничката користи породилно отсуство можете ако сака да се врати на работа и пред истекот на истото. Покрај правото на плата истата има право и на надоместок на плата во висина од 50% од утврдениот износ на надоместокот.

Кон барањето до Подрачната служба на Фондот потребно е да ја достави следната документација:

- Изјава дека го прекинува отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство
- Потврда од работодавачот дека работничката се вратила на работа
- Доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето

### 2.2.3 Случаи кога се продолжува породилното отсуството

Ако работничката роди мртво дете или ако детето умре пред истекот на отсуството има право да го продолжи отсуството за време колку што според наодот на лекар е потребно да закрепне од загубата на детото, а најмалку 45 дена за кое време и припаѓаат сите права врз основа на породилното отсуство.

### 2.2.4 Користење на породилно отсуство од страна на таткото

Согласно Законот за работни односи доколку работничката не го искористи правото на породилно отсуство истото може да го користи таткото или посвоителот на детето.[13]

## 2.3 Услови кои треба да ги остварат осигурениците во работен однос за да можат да го остварат правото на надоместок на плата

- Осигуреникот може да го оствари право на надоместок на плата, ако ги ако здравственото осигурување траело најмалку шест месеци непрекинато пред настапување на случајот, освен во случаите на повреда на работа и професионално заболување, како и за осигуреникот од членот 5 став 1 точки 1, 2 и 3 од овој закон, чиј брачен другар бил упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование со согласност и за потребите на работодавачоти по тој основ му мирува работниот однос, доколку во рок од 30 дена од денот на престанувањето на работата на неговиот брачен другар во странство се врати на работа кај работодавачот кај кој му мирува работниот однос.
- Придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена и
- оцената за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар, односно лекарскатакомисија.

## 2.4 Основица за утврдување на надоместокот на плата

[13]ИНФО БИЛТЕН ФЗОМ 36/2013 ноември

Основица за пресметување на надоместокот на плата претставува просечниот месечен износ на исплатената нето плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните шест месеци пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместокот.

Основица за пресметување на надоместок на плата претставува и основицата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување.

Доколку во последните шест месеца пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместок на плата кај работодавачот се зголемува платата само за осигуреникот кој треба да го оствари тоа право, во тој случај основица за пресметување на надоместокот претставува просечниот месечен износ на исплатената нето плата на кој е платен придонесот за здравствено осигурување во периодот од последните шест месеца пред настанувањето на случајот.

Работникот кој користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство, отсуство за нега и заштита на дете има право на надоместок на плата согласно со овој и друг закон и колективен договор.[14]

Работничката која го дои детето и по изминувањето на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, ќе започне да работи со полно работно време, има право на платена пауза во текот на работното време, во траење од еден ипол час дневно, во кое време се засметува и дневната пауза. Тоа право го има работничката до наполнета една година возраст на детето.

Осигуреното лице има право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда, како и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, под услов ако се работи за осигурено лице кое има засновано постојан работен однос - лице во работен однос (осигурени лица од член 5 став 1 точките 1, 2 и 3 од Законот за здравствено осигурување).[15]

### 2.5 Исплата на надоместокот на плата

Надоместокот на платата за првите 30 дена спреченост за работа го утврдува и исплатува работодавецот од своите средства, а над 30 дена Фондот. По исклучок надоместокот на плата се исплатува од средствата на Фондот од првиот ден на привремената спреченост за работа во случај на нега на болно дете до тригодишна возраст, доброволно давање крв, ткиво или орган, а за отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство од средствата на Буџетот на Република Македонија. Во случај ако привремената спреченост за работа поради повреда на работа настанала како последица од необезбедување на мерките утврдени согласно прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа од страна на работодавачот, тогаш за целиот период надоместокот на плата ќе биде на товар на работодавачот.

Член 18:

Надоместокот на плата за првите 30 дена спреченост за работа го утврдува и исплатува работодавецот од своите средства, а над 30 дена Фондот. По исклучок од став 1 на овој член надоместокот на плата се исплатува од средствата на Фондот од првиот ден на привремената спреченост за работа во случај на нега на болно дете до тригодишна возраст, доброволно давање крв, ткиво или орган, а за отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство од средствата на Буџетот на Република Македонија. Доколку доброволен дарител на крв не остварил надоместок на платата кај работодавецот кај кого е вработен, за отсуство од работа поради доброволно дарување крв, може да бара тоа право да го оствари на товар на средствата на Фондот.

[14] Чл. 170 од Закон за работни односи, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.34/2014;
[15] Чл. 171 од Закон за работни односи, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.34/2014;

### 2.6 Висина на надоместокот на плата

Висината на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа ја определува работодавецот, односно Фондот со општ акт, но најмалку во висина од 70% од основицата за надоместокот на плата.

По исклучок висината за надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа предизвикана со повреда на работа, професионална болест, за време на давање крв, ткиво или орган, како и за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата на надоместокот на платата.

Член 17:

Висината на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа ја определува работодавецот, односно Фондот со општ акт, но најмалку во висина од 70% одосновицата за надоместокот на плата.

По исклучок од став 1 на овој член висината на надоместокот на плата за време на привремената спреченост за работа предизвикана со повреда на работа, професионалнаболест, за време на давање крв, ткиво или орган, како и за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата утврдена според член 16 на овој закон.

Во табелата подолу се наведени податоци поврзани со надоместоците на плата, за називот и типот на боледувањето, кој дел од исплатата е на товар на Фондот како и колкав е процентот од пресметаната месечна основица кој се исплаќал во 2014 година.

| **Тип/поттип на боледување** | **Терет на фонд** | **Процент** |
|---|---|---|
| **Болест, повреда или нега** | | |
| Болест и повреда надвор од работа | После 30 дена на терет на Фонд | 70% |
| Болест и медицинско лекување | После 30 дена на терет на Фонд | 70% |
| Малигни заболувања | После 30 дена на терет на Фонд | 85% |
| Патолошка бременост | После 30 дена на терет на Фонд | 70% |
| Повреда на работа и професионална болест | После 30 дена на терет на Фонд | 100% |
| Негување на болно дете до три годишна возраст | Од прв ден на терет на Фонд | 70% |
| Негување на болен член на потесно семејство над три годишна возраст но најмногу до 30 дена. | После 30 дена на терет на Фонд | 70% |
| Неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење | После 30 дена на терет на Фонд | 70% |
| Неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст, додека е на болничко лекување но најмногу 30 дена | После 30 дена на терет на Фонд | 70% |
| Доброволно дарување на крв, орган или ткиво | Од прв ден на терет на Фонд | 100% |
| Изолираност заради спречување на зараза | После 30 дена на терет на Фонд | 70% |
| **Бременост и раѓање** | | |
| Бременост и раѓање | Од прв ден на терет на Фонд | 100% |
| Вработена породилка – 50% | Од прв ден на терет на Фонд | 50% |
| Породилно на татко | Од прв ден на терет на Фонд | 100% |

| | | |
|---|---|---|
| Адаптација | Од прв ден на терет на Фонд | 100% |
| Посвојување | Од прв ден на терет на Фонд | 100% |

**Табела 1. Надоместок на плата по тип/поттип на боледување**

### 2.7 Оцена за спреченост за работа

Оцена за привремена спреченост за работа за првите 15 дена дава избраниот лекар од примарната здравствена заштита, а над 16 дена дава првостепената лекарска комисија на Фондот по предлог на избраниот лекар (чл. 20, Закон за здравствено осигурување). Доколку осигуреникот не е задоволен од оцената на лекарот односно на првостепената лекарска комисија може да поднесе приговор во рок од 3 дена до второстепената лекарска комисија.

Работодавачот може да формира медицинска комисија која е овластена да изврши преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа со медицински преглед на осигуреникот и проверка на документација, за периодот кога надоместокот на плата ги исплатува работодавачот. Трошоците кои ќе настанат околу формирањето, работата и потребниот дополнителен медицински преглед паѓаат на товар на работодавачот (чл. 20).

### 2.8 Запирање на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа

Осигуреникот не може да оствари односно ќе му се запре исплатата на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа ако:

1) неоправдано не се јави на определен лекарски или комисиски преглед и лекување или свесно не се придржува кон упатствата на лекарот;

2) во времето на привремената спреченостза работа се утврди дека работи и остварува приход и

3) на работодавецот кај кого нема други вработени, а во тој период остварува приходи. [16]

## 3. Право на надомест за патни трошоци

Секое осигурено лице во Република Македонија има право на паричен надомест за патни трошоци доколку ги исполнува условите кои се уредени во законот. Осигуреното лице може да оствари право на патни трошоци доколку е упатено да користи здравствени услуги во врска со дијализа или вежби за рехабилитација на видот, слухот и говорот надвор од местото на живеење.

Осигурените лица кои се третираат со хемодијализа по правило истата ја остваруваат во местото на живеење ако за тоа постојат услови, а ако тоа не е можно хемодијализата ја остваруваат во најблиската здравствена установа со организиран транспорт со возило од здравствената установа. За осигурените лица за кои не е обезбеден организиран транспорт Фондот ги надоместува патните трошоци во висина на патна карта од јавен превоз. Во случаите кога не постои јавен превоз од местото на живеење на осигуреното лице до здравствената установа има право на надоместок по поминат километар, согласно Правилник.

Правото на надоместок се остварува врз издадена потврда за бројот на извршени хемодијализи во претходниот календарски месец од издадена од здравствената установа.

Наместокот за патните трошоци за вежби за рехабилитација на видот, слухот и говорот е во висина како и надоместкот за патните трошоци за дијализа.Правото се остварува врз основа на потврда за бројот на извршени здравствени услуги во претходниот период издадена од здравствената установа која има склучено договор со Фондот.

[16] Инфо билтен ФЗОМ 36/2013, (ноември);

На осигуреното лице упатено на болничко лекување во странство и на одобрениот придружник им припаѓаат патни трошоци во висина на стварните трошоци за превоз, за одење и враќање, намалени за партиципацијата.

Правото на надомест на патните трошоци на товар на Фондот се остварува со поднесување на барање (Образец бр. 4 патни трошоци) од осигуреното лице кон кое се приложува следната документација:

- Потврда за бројот на извршени здравствени услуги во предходниот календарски месец издадена од здравствената установа каде се извршени здравствените услуги;
- Потврда од здравствената установа каде е извршена хемодијализата дека нема организиран превоз;
- Здравствена легитимација на увид;

**Резиме**

Правото на здравствена заштита и здравствено осигурување е фундаметално социјално право и е уредено со меѓународните правни инструменти на МОТ, ООН, Советот на Европа и др. Ова право е имплеметирано и во најважните национални правни акти, пред се во Уставот на РМ, каде во чл. 1 државата, освен како суверена, демократска.... е дефинирана и како *социјална држава.* Ова уставна одредба поконкретно е разработено и допрецизирано во повеќе закони меѓу кои спаѓаат: Законот за здравствена заштита, Законот за здравствено осигурување и поголем број на подзаконски акти и согласно нивните одредби осигуреникот има право на паричен надоместок за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и надомест на патни трошоци. Овие права се остваруваат според строго утврдена процедура согласно закон, односно со поднесување на соодветни Барања (Образец бр. 3, Образец бр. 4, Образец бр. 5, Образец бр. 6, Образец бр. 7 и др.).

Законот за здравствено осигурување се состои од точки во кои се уредуваат правата на осигурените лица во Република Македонија, меѓу кои главен акцент е ставен на правата на здравстени услуги и правата на парични надоместоци.

Секое осигурено лице има свои права кои произлегуваат од задолжителното здравствено осигурување и истите треба да важат еднакво за сите граѓани, бидејќи законот за здравствено осигурување се заснова на начелата на солидарност и еднаквост. Правата на здравствени услуги на осигурените лица во Република Македонија подразбира користење на правата од основниот пакет на здравствени услуги, избор на матичен лекар од областа на општата медицина, заболекар, гинеколог, потоа користење на правото за користење на лекови кои се наоѓаат на листата на лекови од ФЗО и сл. Освен тоа секој граѓанин мора да го ужива правото и на парични надоместоци, што подразбира право на рефундација на средства заради боледување или пак породилно отсуство.

Оттука, можеме да заклучиме дека системот на социјално осигурување традиционално е исклучива надлежност на државата. Државата е таа која ја одредува природата и содржината на националниот систем на социјално осигурување: мноштво бенефиции, стапка на плаќање, начинот на финасирање на бенефициите и условите за добивање на истите.[17]

## БИБЛИОГРАФИЈА

[1] Беловски, В, Мајхошев, А. (2017), Трудово право-учебник, Универзитет "Гоце Делчев" Штип;
[2] Вотсон, Ф. (2009), Социјално право и закон за работните односи на ЕУ, Просветно дело, Скопје;
[3] Европска повелба за правата на пациентите, Брисел на 15 ноември, 2002

[17] Вотсон, Ф. (2009), Социјално право и закон за работните односи на ЕУ, Просветно дело, Скопје, стр. 89.

[4] Закон за здравствено осигурување, Службен весник бр. 25/2000,34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007,82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012), 16/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 112/2014, 113/2014, 188/14, 20/15, 61/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16;

[5 ]Закон за здравствена заштита, Службен весник на РМ бр. 43/2012; Закон за здравствена заштита (пречистен текст) Сл. Весник на РМ бр.10/13; Закон за измени и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл. Весник на РМ бр. 87/13, 164/13, 43/14,188/14, 10/15, 61/15, 192/15, 17/16, 37/16, Одлука на Уставен суд У. Број: 49/2016-0-1 од 12.07.2017;

[6] Закон за работни односи, Пречистен текст, Службен весник на РМ бр. 34/14, Инфо билтен ФЗОМ 36/2013, Ноември;

[14] Костовски, М. Петреска Дијана (2011), Прирачник за права од здравствено осигурување, Скопје;

[15] Мајхошев, А, Беловски, В (2012), Трудово право (Авторизирани предавања). Универзитет „Гоце Делчев“ Штип;

[16] Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (1966);

[17] Одлука за утврдување на висината на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите (Службен весник на РМ бр.138/2014);

[18] Правилник за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, Службен весник на РМ, број 141/2014;

[19] Стефановска, Д. (2014), Магистерски труд одбранет во декември 2014;

[20] Универзалната декларација за правата на човекот (1948);

[21] Устав на Република Македонија (1991), Точка 1 на Амандманот IV со која се заменува

[22] Преамбулата од Уставот на Република Македонија (1991)